**Известување за концентрација со која АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.п.А. Италија ќе стекне единствена контрола над Либерти Сегурос, Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А. Шпанија**
**(предмет бр. 08-101/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.07.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.п.А. (*ASSICURAZIONI GENERALI S.p.A.*) со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија (*Piazza Duca degli Abruzzi no.2, Trieste, Italy*) ќе стекне единствена контрола над Либерти Сегурос, Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А. (*Liberty Seguros, Compania de Seguros y Reaseguros, S.A.*) со регистрирано седиште во Пасео де лас Доче Естрејас, Бр. 4, 28042, Мадрид, Шпанија (*Paseo de las Doce Estrellas, бр.4, 28042, Madrid, Spain*).

Ассикурациони Генерали е мајка компанија на групацијата Генерали, еден од главните светски играчи во секторот за осигурување и управување со средства.

На пазарот на осигурување, Генерали Групацијата е глобален играч во осигурителната индустрија, нудејќи широк спектар на осигурителни производи, кои покриваат животно осигурување и осигурување на имот и штета на клиенти, кои се движат од заштеди, индивидуални и семејни полиси, полиси поврзани со определени ствари, како и осигурување од одговорност на трети лица во сообраќај, имот, незгоди и здравствени полиси. Понудата за осигурување на Генерали Групацијата вклучува софистицирана покриеност за комерцијални и индустриски ризици и приспособени планови за мултинационални трговски друштва. Генерали Групацијата има стратегија за дистрибуција преку повеќе канали, која се состои од меѓународна мрежа на агенти и финансиски советници, брокери, банкарско осигурување и директни телефонски и веб-канали.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирана адреса на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје, Северна Македонија и ЕМБС 6364578.

Либерти Сегурос е осигурителна компанија со седиште во Шпанија. Компанијата нуди модуларни, флексибилни осигурителни решенија за производи на неживотни и животни ризици главно во Шпанија, Португалија и Ирска, фокусирани на осигурување на моторни возила и осигурување на имот и животен ризик, како и осигурување за надоместци на работниците во Португалија. Во мала мера Либерти Сегурос е исто така активна и во Обединетото Кралство и нуди производи во Германија и Австрија.

Либерти Сегурос е дел од групата компании предводена од ЛИБЕРТИ МУТУАЛ ХОЛДИНГ ЦОМПАНИ Инц. (*LIBERTY MUTUAL HOLDING COMPANY Inc.*) како мајка компанија. Компаниите на групацијата имаат активности во САД, Латинска Америка, Европа и Азија-Пацифик.

Во Северна Македонија, Целното Друштво и групацијата на Целното Друштво немаат корпоративно присуство, ниту пак имаат остварено приходи во годината што и претходи на Трансакцијата.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.07.2023 година
Скопје